# З А П И С Н И К
## Од Педесет и деветтата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 18.09.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Педесет и деветата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Билјана Бабиќ, Томислав Кежаровски, Ивана Ефремовски, Миле Грозданоски, Владимир Палашевски, Бурим Рамадани, Марјан Велевски, Лазо Трпков и Маја Седрак.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Патриот Лумани.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски и Сања Аризанов консултант за ревизија и финансии од кабинетот на директорот.***

Педесет и деветтата седница на Програмскиот совет започна во 11:05 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и деветтата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување на Предлог годишната програма за работата на МРТ за 2027 година**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување на Предлог годишната програма за работата на МРТ за 2027 година**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори првата и единствена точка од Дневниот ред, посветена на разгледувањето на Предлог-годишната програма на Македонската радио-телевизија за 2027 година.
Во своето излагање, претседателот Пашоски истакна дека доставениот материјал претставува добра основа за подготовка на Предлог-годишната програма, при што оцени дека во следната фаза е потребно негово дополнително концепциско, структурно и редакциско усогласување, со цел документот да добие единствен и препознатлив пристап за сите програмски сервиси.
Тој посочи дека Годишната програма треба пред сè да ја прикаже програмската определба на МРТ за 2027 година, односно улогата и идентитетот на секој програмски сервис, програмските области, содржинските и уредувачките приоритети, целните публики и планираните содржини. Притоа, нагласи дека документот треба да обезбеди јасен преглед

на програмските определби и планираната понуда за 2027 година, без притоа непотребно да навлегува во детално утврдување на сите термини и оперативни аспекти на емитувањето. Во таа насока, беше посочена потребата од натамошно усогласување на начинот на кој се претставени програмските сервиси, така што покрај конкретните емисии, проекти и програмски содржини предвидени за 2027 година, јасно да бидат претставени и нивниот поширок програмски концепт, содржинските приоритети и целите што треба да се постигнат. На тој начин, документот ќе даде целосна слика за планираната програмска понуда, а истовремено ќе има единствен и прегледен концепт.

Во однос на човечките ресурси, претседателот Пашоски посочи дека кадровските и развојните потреби е пожелно во Годишната програма да бидат претставени на поопшто и програмски ориентирано ниво, преку потребата од натамошно јакнење на редакциските, продукциските, техничките и другите професионални капацитети неопходни за реализација на планираните програмски содржини.

Претседателот Пашоски информираше дека материјалите за програмските сервиси се подготвени од одговорните уредници и дека, согласно досегашната практика, на наредната седница на Програмскиот совет ќе бидат поканети одговорните уредници, со цел секој од нив да даде осврт на предложената програма за сервисот за кој е надлежен.

Во продолжение, тој нагласи дека целта на доработката е да се добие содржински и концепциски усогласен документ кој јасно ќе ги утврди основните програмски насоки, приоритети и планирани содржини на МРТ за 2027 година и ќе претставува основа за нивна доследна реализација во текот на годината.

Во таа смисла, Годишната програма треба да претставува јасна програмска и стратешка рамка за работата на МРТ во 2027 година, во која се утврдуваат програмските приоритети, планираните содржини и основните насоки за нивна реализација, додека нивната подетална динамика и организација ќе се разработуваат преку редовното програмско планирање.

На крајот, претседателот Пашоски истакна дека по завршувањето на доработката, Предлог-годишната програма треба да биде јазично, стилски и технички усогласена и подготвена како единствен документ на МРТ, по што ќе биде ставена на 30-дневна јавна расправа. Пристигнатите предлози, забелешки и сугестии од јавноста ќе бидат разгледани во рамките на постапката, по што ќе следува подготовка на конечниот текст на Годишната програма и негово доставување до Собранието во предвидениот рок.

Во однос на учеството во јавната расправа, претседателот посочи дека доставените предлози и забелешки треба да бидат соодветно идентификувани со име и презиме на подносителот, односно со назив на организацијата или институцијата кога станува збор за правно лице, со цел процесот да биде транспарентен и да овозможи уредно евидентирање и разгледување на пристигнатите мислења.

Следствено на горенаведеното Претседателот Давор Пашоски им даде збор на членовите на Програмскиот совет на МРТ, да се произнесат со свое мислење по однос на Предлог-годишната програма за работа на МРТ за 2027 година.

Ивана Ефремовски зема збор и посочи дека во доставениот документ е потребно појасно да се разграничат деловите што се однесуваат на програмската, технолошката и организациската трансформација и стратешките приоритети на МРТ како јавен сервис во целина, од делот што конкретно се однесува на Предлог-програмата на МТВ1 за 2027 година. Таа потсети дека Програмскиот совет на претходната седница бил запознаен со новата програмска концепција, развојните насоки и стратешките приоритети на МРТ и оцени дека тие претставуваат значајна основа за идниот развој на јавниот сервис. Во таа смисла, предложи овие определби да бидат соодветно поставени во заедничкиот дел на Годишната програма кој се однесува на МРТ во целина, додека делот за МТВ1 појасно да ја претстави програмската понуда и приоритетите на овој програмски сервис за 2027 година. Поради тоа, предложи документот дополнително да се структурира и доработи пред неговото финализирање.

Во однос на останатите програмски сервиси, Ефремовски позитивно ги оцени доставените предлог-програми за МТВ2, МТВ5 и Сателитскиот програмски сервис на МТВ2, посочувајќи дека во оваа фаза нема забелешки на нивната содржина. Таа истакна дека нема забелешки ниту во однос на предложената програма за МТВ3, при што посочи дека во текот на јавната расправа може да се отвори и прашањето за застапеноста на спортот и спортските содржини во програмската понуда.

Понатаму, Ефремовски оцени дека доставената Предлог-програма за МТВ4 е содржински богата и опфаќа значителен број планирани програмски содржини. Во тој контекст, таа посочи дека при нивната реализација треба да се имаат предвид и расположливите кадровски капацитети на петте редакции – турската, ромската, српската, босанската и влашката – имајќи го предвид обемот на планираната програма. Според неа, соодветното јакнење и развој на кадровските капацитети би придонело за поуспешна и поцелосна реализација на поставените програмски цели.

Во однос на доставениот материјал за Првиот програмски сервис на Македонското радио – Радио Скопје (МРА1), Ефремовски посочи дека значителен дел од него е посветен на актуелната состојба, условите за работа, кадровските потреби и техничките капацитети на сервисот, додека програмскиот концепт и планираните содржини за 2027 година би требало дополнително да се разработат.

Таа истакна дека посочените кадровски, технички и инфраструктурни предизвици се важни прашања на кои треба да им се посвети соодветно внимание и го охрабри отвореното укажување на потребите и заедничкиот ангажман за нивно надминување. Истовремено, имајќи ја предвид целта на Годишната програма и претходно утврдените рокови за нејзина подготовка, таа посочи дека е потребно овој дел да биде дополнет со појасно разработена

предлог-програма за работа на сервисот во 2027 година, со фокус на програмските содржини, приоритетите и планираниот развој.
Осврнувајќи се на Предлог-програмата за Радио 2, Ефремовски истакна дека начинот на кој е подготвен овој дел добро го отсликува карактерот и програмската ориентација на сервисот кон младата публика. Таа позитивно го оцени конкретниот, детален и прецизен пристап, како и современиот и динамичен начин на претставување на планираните содржини, кој е во духот на публиката кон која е насочена програмата.
Како особено интересен го издвои „Градски шмек“, новиот формат без класично водителско присуство, изразувајќи задоволство од воведувањето нови програмски пристапи и формати.
На крајот, таа изрази очекување и желба планираната програма на Радио 2 да биде реализирана во целост, како и програмите на останатите програмски сервиси.

Маја Седрак зема збор и, осврнувајќи се на искуството од подготовката на Годишната програма во претходната година, истакна дека документот треба да претставува јасна концепциска и програмска рамка, која ќе ги дефинира основните насоки, приоритети и планирани содржини, додека нивната подетална реализација ќе се разработува преку соодветното оперативно програмско планирање.
Таа посочи дека во Годишната програма фокусот треба да биде ставен на програмската визија и развојните цели, додека кадровските потреби е посоодветно да бидат претставени на поопшто ниво и во функција на реализацијата на програмските приоритети.
Седрак нагласи и дека при планирањето на програмата е важно да се води сметка за резултатите што се очекуваат од планираните содржини, како и за нивниот однос со потребите и интересите на публиката. Во таа насока, таа ја истакна важноста од следење на реакциите и повратните информации од публиката, со цел програмската понуда да се развива врз основа на подобро разбирање на нејзините интереси и очекувања.

Беким Лачи зема збор и истакна дека Предлог-годишната програма треба на Програмскиот совет да му овозможи јасен увид во обемот, содржината и можностите за реализација на планираната програмска понуда. Во таа насока, тој посочи дека би било корисно програмските сервиси да ги претстават планираните содржини и новите формати на начин што ќе овозможи појасна претстава за нивниот обем и за потребните услови за реализација.
Осврнувајќи се на кадровските капацитети, Лачи посочи дека, имајќи ги предвид новите формати и обемот на планираните содржини, важно е да постои реална проценка на расположливите и потребните човечки ресурси. Во тој контекст, го отвори и прашањето дали ангажирањето нови хонорарни соработници ќе придонесе за обезбедување на потребните капацитети за реализација на планираната програма.

Претседателот Давор Пашоски се надоврза на дискусијата и истакна дека токму поради потребата Годишната програма да остане јасен и функционален програмски документ, смета

дека во неа не треба да се навлегува во премногу детално разработување на кадровските и другите оперативни прашања. Според него, тие прашања се значајни за реализацијата на програмата, но во самиот документ е посоодветно да бидат претставени на ниво на општи потреби и развојни насоки.

Во продолжение, Лачи го отвори и прашањето за постојните човечки ресурси чии професионални капацитети во изминатиот период не биле во целост искористени, односно за можностите за нивно поактивно вклучување и соодветно ангажирање во реализацијата на програмските содржини.

Директорот Зоран Ристоски, одговарајќи на поставеното прашање, истакна дека заложбата на раководството е сите расположливи човечки ресурси во МРТ да бидат активно вклучени во работните процеси и соодветно ангажирани во реализацијата на програмските и продукциските активности. Тој нагласи дека се очекува професионален и одговорен однос кон работните обврски и придонес од секој вработен во рамките на неговите надлежности и професионални капацитети.
Во продолжение, директорот информираше дека се работи на подобрување на условите за работа и на ставање во функција на повеќе студиски капацитети, со цел да се создадат подобри технички и продукциски услови за реализација на планираните содржини.
Тој информираше дека во текот на денот е предвидена прес-конференција за медиумите, на која ќе бидат презентирани дел од новите програмски содржини, формати и емисии. Воедно го најави и враќањето на „Скопски фестивал“.
Директорот Ристоски посочи дека во новата програмска понуда се предвидуваат и нови емисии во живо, детски содржини, поткасти и други формати, како дел од заложбите за збогатување и осовременување на програмата на МРТ.
Во однос на кадровските капацитети, тој информираше и дека е предвидено ангажирање нови хонорарни соработници, кои ќе претставуваат дополнување на постојните човечки ресурси на МРТ. Согласно потребите и по соодветна подготовка и обука, тие ќе бидат вклучени во програмските и продукциските процеси во сегментите каде што е потребно дополнително кадровско зајакнување, со цел поефикасна реализација на планираните програмски содржини.

Лазо Трпков зема збор и посочи дека при разгледувањето и оценувањето на материјалите подготвени од одговорните уредници е важно однапред да постојат јасни очекувања и општи насоки за концептот и структурата на Годишната програма. На тој начин, според него, сите програмски сервиси би имале заедничка основа при подготовката на своите предлози, а истовремено би се задржале нивните програмски специфики.

Тој истакна дека Годишната програма треба да биде реално поставена и остварлива, имајќи ги предвид програмските цели, како и расположливите човечки, технички и технолошки капацитети на јавниот сервис.
Во таа насока, Трпков предложи при подготовката на Годишната програма за наредната година Програмскиот совет навремено да утврди општи концепциски насоки и очекувања кои ќе важат за сите програмски сервиси. Притоа нагласи дека ваквиот пристап не треба да претставува навлегување во уредувачката политика и професионалната автономија на одговорните уредници, туку да обезбеди заедничка рамка и поусогласен пристап при подготовката на Годишната програма.
Во продолжение, Трпков ја истакна и потребата од континуирано следење на реализацијата на Годишната програма, предлагајќи одговорните уредници периодично, на месечно или квартално ниво, да го информираат Програмскиот совет за текот и степенот на реализација на планираните програмски содржини. Тој посочи дека на тој начин Советот би имал поредовен увид во спроведувањето на усвоената програма и можност навремено да се разговара за прашањата поврзани со нејзината реализација.

Во дискусијата беше посочено дека потребата од редовна комуникација и средби со одговорните уредници претходно била истакната и од членот Томислав Кежаровски.

Претседателот Давор Пашоски се согласи со предлогот на Трпков, истакнувајќи дека редовната комуникација со одговорните уредници и периодичното информирање за реализацијата на планираните програмски содржини ќе овозможат континуиран увид во спроведувањето на Годишната програма, навремена размена на информации и разгледување на прашањата поврзани со нејзината реализација.

Како резултат на дискусијата, Програмскиот совет донесе заклучок во наредниот период да воспостави практика на редовни средби со одговорните уредници, по правило еднаш месечно, на кои ќе се разговара за реализацијата на програмските планови, тековните програмски активности и други прашања од значење за работата на програмските сервиси.

Томислав Кежаровски зема збор и укажа на потребата да се посвети поголемо внимание на покриеноста и квалитетот на сигналот на Македонското радио. Тој истакна дека е важно да се разгледаат можностите за подобрување на техничкиот досег на радиосигналот, вклучително и неговата достапност во поширокиот пограничен регион.

Марјан Велевски зема збор и го отвори прашањето за застапеноста на спортските содржини во програмата на МТВ, посочувајќи го нивното значење како дел од програмската понуда на јавниот сервис.

Директорот Зоран Ристоски информираше дека во овој период редовната спортска програмска понуда не е застапена во претходниот обем, но дека се преземаат активности за нејзино повторно воспоставување и соодветно вклучување во програмата во наредниот период.

Марјан Велевски повторно зема збор и го отвори прашањето за начинот на реализација и телевизиско емитување на планираните поткаст-содржини. Тој посочи дека поткастот, како специфичен медиумски формат, вообичаено овозможува послободен пристап во разговорот, различна динамика и времетраење, поради што смета дека е важно неговата адаптација за телевизиско емитување да биде соодветно концепциски разработена.

Директорот Зоран Ристоски појасни дека поткаст-содржините на телевизиските програмски сервиси се планирани во времетраење до 45 минути и ќе бидат приспособени на телевизискиот формат. Тој посочи дека во оваа фаза е предвиден поедноставен и подинамичен продукциски концепт, базиран на разговор меѓу соговорници и визуелно и технички приспособен за телевизиско емитување.

На крајот, Билјана Бабиќ зема збор и посочи дека во Годишната програма е потребно појасно да биде прикажана структурата на планираните програмски содржини според начинот на нивната продукција. Во таа насока, таа предложи да биде наведена застапеноста на сопствената продукција на МРТ, купените програмски содржини и содржините што ќе се реализираат во копродукција.

По исцрпувањето на Дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ им се заблагодари на присутните и ја затвори Педесет и деветтата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:25 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5149/2
18.09.2026г.

______________________

Давор Пашоски